# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Службен весник на РМ, бр. 148 од 14.12.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија" број 37/2006 и 142/2008), во членот 6 точка 7 сврзникот „и" се заменува со запирка.

По точката 8 се додаваат две нови точки 9 и 10 , кои гласат:

„9) предлага на Државниот испитен центар тестови за екстерно проверување на постигањата на учениците во основното, гимназиското и уметничкото образование, како и за општо образовните предмети во средното стручно образование, кои ги доставува најдоцна три месеца пред денот на тестирањето и

10) предлага на Државниот испитен центар генерален распоред за проверување на постигањата на учениците по предметите во основното, гимназиското и уметничкото образование, како и за општо образовните предмети во средното стручно образование, кој го доставува најдоцна до 1 ноември за тековната учебна година."

**Член 2**

Во членот 10 став 1 по алинејата 9 се додаваат две нови алинеи 10 и 11, кои гласат:

„- развива програма за подобрување на квалитетот на наставата во училиштето врз основа на извештајот од спроведената интегрална евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат и

- изготвува предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата и оценувањето на наставниците."

**Член 3**

По членот 14 се додава нов наслов и нов член 14-а, кои гласат:

„ТАЈНОСТ НА ИСПИТНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ

Член 14-а

Вработените во Бирото и надворешните соработници кои соработуваат со Државниот испитен центар во изготвувањето на тестовите за екстерно проверување на постигањата на учениците се должни да потпишат изјава дека ќе се раководат според постапките за тајност на подготовката, дистрибуцијата и чувањето на материјалот за екстерно проверување на постигањата на учениците.

Процедурите за тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата, чувањето и оценувањето на испитниот материјал ги изготвува Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот."

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".